*МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА*

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
**за активните политики за вработување за 2007 година предвидени во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010**

Скопје, ноември 2006 год.

Во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010 утврдени се макроекономски, микроекономски и политики за вработување. Во истата се утврдени и целите и различните видови на мерки за остварување на утврдените политики. Програмата содржи и политики и мерки во областа на социјалната заштита со цел да се создаде ефикасен систем на социјална заштита и продуктивно ангажирање на социјално загрозени категории. Во оваа област Владата ги утврдува и приоритетите во рамки на кои се предвидува операционализација на мерките и програмите од Националната стратегија за намалување на сиромаштијата. Во Програмата, исто така, се утврдени и активните политики за вработување, како и видот на мерките и опфатот на лицата од различни целни групи кои ќе бидат опфатени со имлементација на Програмата.

Заради успешно спроведување на политиките/мерките за вработување предвидени со Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010 година, се изготви Оперативен план за активните политики за вработување за 2007 година предвидени во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010 . Во него се дефинирани видот на активната мерка за вработување, целните групи, потребните средства и изворите на средства и се предвидени конкретните активности и рокови за субјектите надлежни за реализација на истите и законската рамка.

**Целта на изготвување на овој оперативен план е да се обезбеди дека предвидените активни мерки за вработување за 2007 година ќе бидат навремено и успешно спроведени. Имено, успешната реализација на активните политики/мерки за вработување ќе зависи од повеќе субјекти, од кои секој во рамките на своите надлежности ќе биде вклучен во одредени активности за реализација на овие мерки со точно утврдени рокови за извршување на предвидените активности. Исто така, Оперативниот план ќе придонесе за поуспешна координација помеѓу инволвираните субјекти за спроведување на овие мерки.**

**Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Македонија:**

1. **Го усвои Оперативниот план за активните политики за вработување за 2007 година предвидени во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010.**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
## за активните политики за вработување за 2007 година предвидени во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010

**Скопје, ноември 2006 год.**

**СОДРЖИНА**


I. **ВОВЕД**

II. **АКТИВНИ ПОЛИТИКИ/МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2007 ГОДИНА (краток опис на мерката, целна група, опфат на корисници, потребни средства, извори на средства за 2007 година, надлежни институции и рокови за извршување на одделни активности)**

1. **Активни политики на вработување (локална инфраструктура, испомош, итн.) - јавни работи во ЕЛС**
2. **А. Поддршка за самовработување (семеен бизнис) и**

   **Б. Поддршка за прво вработување на млади лица до 27-годишна возраст**
3. **Ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони во извршување на градежни работи, еколошки проекти и сл.**
4. **Субвенционирање на вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители**
5. **Обука и совети на невработените за преквалификации, контакт со работодавачите, усовршување на нивните знаења и вештини, обука за компјутери и сл.**

III. **ФИНАНСИСКА РАМКА**

IV. **ЗАКОНСКА РАМКА**

## *I. ВОВЕД*

Во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010 утврдени се макроекономски, микроекономски и политики за вработување. Во истата се утврдени и целите и различните видови на мерки за остварување на утврдените политики. Програмата содржи и политики и мерки во областа на социјалната заштита со цел да се создаде ефикасен систем на социјална заштита и продуктивно ангажирање на социјално загрозени категории. Во оваа област Владата ги утврдува и приоритетите во рамки на кои се предвидува операционализација на мерките и програмите од Националната стратегија за намалување на сиромаштијата. *Во Програмата, исто така, се утврдени и активните политики за вработување, како и видот на мерките и опфатот на лицата од различни целни групи кои ќе бидат опфатени со имлементација на Програмата.*

Заради успешно спроведување на политиките/мерките за вработување предвидени со Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010 година, се изготви *Оперативен план за активните политики за вработување за 2007 година предвидени во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010.* Во него се дефинирани видот на активната мерка за вработување, целните групи, потребните средства и изворите на средства и се предвидени конкретните активности и рокови за субјектите надлежни за реализација на истите и законската рамка.

## II. *АКТИВНИ ПОЛИТИКИ/МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2007 ГОДИНА (кратoк опис на мерката, целна група, опфат на корисници, потребни средства, извори на средства за 2007 година, надлежни институции и рокови за извршување на одделни активности)*

### 1. Активни политики на вработување (локална инфраструктура, испомош, итн.) - јавни работи во ЕЛС

Во рамките на овие политики се предвидува ангажирање на невработени лица во единиците на локалната самоуправа преку нивно вклучување во јавни работи во локална инфраструктура, испомош и сл.

**Краток опис на мерката:** Финансиска поддршка на ангажирање на лицата во јавни работи во локалните заедници преку покривање на трошоците за надоместок за работа и персонален данок за период до 3 месеци по лице. Потребните средства по ангажирано лице месечно се предвидува да изнесуваат до 6.000 денари. Исто така, се предвидува финансиска поддршка за оваа мерка (за храна и превоз на овие лица за 3 месеци) да дадат и единиците на локалната самоуправа односно јавните претпријатија каде што се ангажирани овие лица.

**Целна група:** евидентирани долгорочно невработени лица и приматели на социјална помош

**Опфат на корисници:** 1.000 лица за една година

**Потребни средства:** 27,6 милиони денари

**Извори на средства за 2007 година:**

- **За оваа мерка ќе се обезбедат 18 милиони денари од средства од АВРМ (од придонесите за вработување) и 9,6 милиони денари финансиска поддршка од страна на единиците на локалната самоуправа** каде што ќе бидат ангажирани овие лица.

**Надлежни институции и рокови за извршување на одделни активности:**

- **Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на РМ и Министерството за локална самоуправа**, редовно во текот на годината ќе остваруваат континуирана и интензивна соработка и координација со УНДП.

- **Министерство за локална самоуправа**

  - Министерството ќе го запознае ЗЕЛС за изготвување на програми за изведба на јавни работи.

    *Рок за извршување: 10 декември 2006 година*

- Од заинтересираните општини, Министерството треба да обезбеди конкретни проекти за изведба на јавни работи (видот и описот на јавните работи што се предвидува да се изведуваат во општината во текот на 2007 година, времетраењето на јавните јаботи- во кој период од 2007 година се планира истите да се изведуваат, број на лица кои се планира да бидат вклучени во јавните работи, квалификационата структура и евентуално возраста на лицата кои се планира да бидат вклучени во јавните работи, и прифаќање од страна на општината да даде финансиска поддршка за реализација на јавните работи- надоместок за храна и превоз на овие лица за 3 месеци и други податоци за кои министертвото ќе оцени дека е значајно да бидат дефинирани).

*Рок за извршување: до крајот на декември 2006 година.*

- По обезбедување на конкретни проекти за изведба на јавни работи од страна на општините, Министерството во соработка со ЗЕЛС и УНДП, ќе ги разгледа и оцени проектите врз основа на претходно дефинирани критериуми и ќе изготви ранг листа на проекти за јавни работи во локалните заедници која ќе ја достави заедно со проектите до АМВР заради понатамошно постапување.

*Рок за извршување: до 20 јануари 2007 година.*

- Заради успешна реализација на горенаведените активности, Министерот за локална самоуправа ќе назначи одговорно лице од Министерството за координација на горенаведените активности во министерството и другите субјекти инволвирани за реализација на мерката, кое во периодот на овие активности, а и понатаму при реализација на мерката постојано ќе биде во можност оперативно да одговори на потребите за реализација на оваа мерка. За одговорното лице кое ќе биде назначено од Министерот, Министерството ќе ги извести сите инволвирани субјекти.

*Рок за извршување: до 01 декември 2006 година.*

- **Агенција за вработување на РМ-АВРМ**

- По добивање на ранг листа на проекти за јавни работи во локалните заедници и проектите за јавни работи, АВРМ ќе склучи договори со ЕЛС (според ранг листата до исполнување на предвидениот број на опфатот од 1000 невработени лица, а во согласност со евиденцијата на невработени лица во општините каде ќе се изведуваат јавните работи и потребните квалификации и евентуално други услови во врска со лицата кои се планира да бидат ангажирани) во кои ќе бидат дефинирани правата и обврските помеѓу општините и АВРМ за реализирање на проектот за јавни работи.

*Рок за извршување: до 15 февруари 2007 година.*

- АВРМ врши редовна месечна исплата на ангажираните лица на проектите за јавни работи по општини, по претходно доставен

извештај за извршената работа од страна на општините каде што се изведуваат јавните работи.

*Рок за извршување: редовно во време на изведувањето на јавните работи*

- АВРМ ќе остварува редовна соработка и координација со УНДП и другите субјекти инволвирани во реализацијата на активните мерки. За таа цел, директорот на АВРМ ќе формира тим за соработка и координација, и за истото ќе ги извести сите субјекти инволвирани во активностите за реализирање на оваа мерка.

- **Министерството за труд и социјална политика-МТСП**

- Министерството редовно ќе го следи текот на активностите за реализирање на овој проект. За текот на активностите, Министерството за труд и социјална политика, на квартална основа ќе доставува Информација до Владата.

*Рок за извршување: на крајот од секој квартал во текот на 2007*

- МТСП ќе остварува редовна соработка и координација со УНДП и другите субјекти инволвирани во реализацијата на активните мерки. За таа цел, министерот за труд и социјална политика ќе формира тим за соработка и координација, и за истото ќе ги извести сите субјекти инволвирани во активностите за реализирање на оваа мерка.

**2. А. Поддршка за самовработување (семеен бизнис) и**
**Б. Поддршка за прво вработување на млади лица до 27-годишна возраст**

Со овие мерки ќе бидат опфатени лицата од неразвиените подрачја, долгорочно невработените (над 5 години без работа), корисници на паричен надоместок по основ на невработеност и млади лица до 27-годишна возраст кои прват се вработуваат.

**А. Краток опис на мерката поддршка за самовработување:** Оваа мерка ќе се спроведува преку:

- изработка на индивидуални планови за вработување
- спроведување на тестови за професионална ориентација;
- развивање на бизнис идеи
- селекција на најсоодветните и заинтересирани кандидати
- обуки за претприемништво
- изработка на бизнис планови, во соработка со Агенцијата за поддршка претприемништвото -АППРМ;
- маркетинг;
- покривање на трошоци за набавка на опрема или други основни средства за започнување на бизнисот
- финансиска партиципација во трошоците за регистрација на фирмата;
- финансиска партиципација во придонесите за плата за првите 3 месеци и

- поддршка преку обуки, совети и други информации во текот на првата година преку Агенцијата за поддршка претприемништвото -АППРМ

За спроведување на оваа мерка предвидени се до 2.500 евра по самовработување (семеен бизнис). Се предвидува лицата кои ќе бидат опфатени со мерката самовработување да се обврзат најмалку 3 години да неможе да се вратат во евиденцијата на невработени лица.

**Целна група на мерката за самовработување:** невработени лица од неразвиените подрачја, долгорочно невработени (над 5 години без работа), корисници на паричен надоместок по основ на невработеност и млади лица.

**Опфат на корисници за мерката самовработување:** 500 лица за една година (од кои 100 се млади невработени лица).

**Потребни средства за мерката самовработување:** 73,3 милиони денари

**Извори на средства за 2007 година за мерката самовработување:**

- За **80-90 лица** (семејни бизниси) се обезбедени средства во износ од **11 милиони денари од УНДП-Партнерство за креирање на работни места (ПЕГ)-Самовработување (донација на Владата на Норвешка), фаза 2** и **2 милони денари** (околу 20.000 денари за три месеци за покривање на придонесите на најниска основица на нето плата во одредена дејност) **од Буџетот на РМ преку АВРМ** за активни мерки, односно вкупно 13 милони денари.

- Остатокот на средства во износ од 60,3 милиони денари за реализирање на оваа мерка**-за околу 410 самовработувања** ќе се обезбедат од Буџетот на РМ преку АВРМ.

**Надлежни институции и рокови за извршување на одделни активности:**

- **Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на РМ и Министерството за локална самоуправа**, редовно во текот на годината ќе остваруваат континуирана и интензивна соработка и координација со УНДП ангажирање со оваа мерка на **80-90 лица (семејни бизниси)** преку Партнерство за креирање на работни места (ПЕГ)-Самовработување**.**

  Во тек е (ноември 2006) селекција на 12 ЕЛС каде ќе биде спроведен овој модел.

- **Министерство за локална самоуправа**

  - Министерството за локална самоуправа да изготви ранг листа на најнеразвиени општини и истата да ја достави до АВРМ заради понатамошно постапување.

    *Рок за извршување: 10 декември 2006 година.*

- Заради успешна реализација на горенаведените активности, Министерот за локална самоуправа ќе назначи одговорно лице од Министерството за координација на горенаведените активности во министерството и другите субјекти инволвирани за реализација на мерката, кое во периодот на овие активности, а и понатаму при реализација на мерката постојано ќе биде во можност оперативно да одговори на потребите за реализација на оваа мерка. За одговорното лице кое ќе биде назначено од Министерот, Министерството ќе ги извести сите инволвирани субјекти.

- **Агенција за вработување на РМ-АВРМ**

- По добивање на ранг листа на најнеразвиени општини, АВРМ ќе го утврди бројот на невработени лица по општини според ранг листата притоа запазувајќи ги критериумите невработените лица да бидат долгорочно невработени (над 5 години без работа), корисници на паричен надоместок по основ на невработеност и млади лица до 27-годишна возраст кои прв ат се вработуваат. АВРМ објавува оглас за пријавувањето на невработените лица кои сакаат да се вработаат согласно критериумите и другите услови во врска со оваа мерка.

- **АВРМ со поддршка на Агенцијата за поддршка претприемништвото - АППРМ**

- По пријава на невработени лица врз основа на објавениот оглас, за пријавените лица кои ги исполнуваат критериумите дефинирани со оваа мерка АВРМ со поддршка на АППРМ ќе организираат обуки за претприемачи и изработка на одржливи бизнис планови, маркетинг и др.

  *Рок за извршување: во првата половина од 2007 година.*

- АВРМ со оние пријавени лица кои успешно ќе ги завршат обуките, склучува договори во кој се утврдуваат правата и обврските на договорните страни и условите и начинот на понатамошно обезбедувањете на поддршката за самовработување.

  *Рок за извршување: по успешно завршување на обуките*

- АВРМ ќе остварува редовна соработка и координација со АППРМ, УНДП и другите субјекти инволвирани во реализацијата на активните мерки. За таа цел, директорот на АВРМ ќе формира тим за соработка и координација, и за истото ќе ги извести сите субјекти инволвирани во активностите за реализирање на оваа мерка.

- **Агенцијата за поддршка претприемништвото-АППРМ**

- За лицата кои ќе бидат опфатени со мерката самовработување, АППРМ ќе дава поддршка преку обуки, совети и други информации во текот на првата година.

- **Министерството за труд и социјална политика-МТСП**

- МТСП редовно ќе го следи текот на активностите за реализирање на овој проект. За текот на активностите, МТСП на квартална основа ќе доставува Информација до Владата.

  *Рок за извршување: на крајот од секој квартал во текот на 2007*

- МТСП ќе остварува редовна соработка и координација со УНДП и другите субјекти инволвирани во реализацијата на активните мерки. За таа цел, министерот за труд и социјална политика ќе формира тим за соработка и координација, и за истото ќе ги извести сите субјекти инволвирани во активностите за реализирање на оваа мерка.

**Б. Краток опис на мерката поддршка за прво вработување на млади лица до 27-годишна возраст:** Со мерката се планира да бидат опфатени млади лица до 27 годишна возраст преку вклучување во програми за практиканство (стажирање) за период од три месеци, заради вработување, со вклучување на 30% високообразовани невработени лица и 70% лица со средно образование. За спроведување на оваа мерка потребни се 5.000 денари за лице месечно.

**Целна група за мерката поддршка за прво вработување на млади лица:** млади лица до 27 годишна возраст.

**Опфат на корисници за мерката поддршка за прво вработување на млади лица:** 600 лица за една година (по 30 волонтери од 20 општини)

**Потребни средства:** 15 милиони денари

**Извори на средства за 2007 година:**

- За спроведување на оваа мерка се обезбедени средства во износ од **11 милони денари (донаторски средства од Владата на Норвешка)** од **УНДП-Програма посредување при вработување на високообразовани и со средно образование млади невработени лица-ЕМИ фаза и 4 милиони денари се обезбедени средства (во 2006 година) од АВРМ.**

**Надлежни институции и рокови за извршување на одделни активности:**

- **Оваа мерка е предвидена во Програмата на УНДП за 2007 година. Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на РМ**, редовно во текот на годината ќе остваруваат континуирана и интензивна соработка и координација со УНДП за спроведување на оваа мерка на 600 млади лица преку **Програма за посредување при вработување на високообразовани и со средно образование млади невработени лица-ЕМИ фаза 2.**

**3. Ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони во извршување на градежни работи, еколошки проекти и сл.**

Во рамките на оваа мерка се предвидува ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони преку нивно вклучување во јавни работи -градежни работи, еколошки проекти и сл.

**Краток опис на мерката:** Се предвидува Агенцијата за вработување од средства на АВРМ за активни мерки да ги субвенционира лицата вклучени во јавните работи со покривање на **трошоците за храна и превоз и надоместок за работа.** Се предвидува месечниот износ по лице да изнесува до 8.300 денари (6.100 надоместок за работа + 3.200 храна и превоз) месечно за 6 месечен период.

**Целна група:** невработени лица од најнеразвиените региони

**Опфат на корисници:** 400 лица

**Потребни средства:** околу 19,9 милиони денари

**Извори на средства за 2007 година:** Средствата потребни за спроведување на оваа мерка се планира да се обезбедат од средства на АВРМ за активни мерки (од придонесите за вработување).

**Надлежни институции и рокови за извршување на одделни активности:**

- **Министерство за транспорт и врски**

- Министерството за транспорт и врски да изготви ранг листа на градежни работи од јавен интерес на национално и локално ниво и истата да ја достави до АМВР заради понатамошно постапување. Проектите за градежни работи треба да имаат веќе дефинирана финансиска конструкција и извори на средства, во која ќе се вклопи и финансиската поддршка дефинирана со оваа мерка. Во листата на проекти за секој проект треба да биде дефинирано: времетраењето на проектот, локацијата (општина, градови, место и сл.) каде што ќе се изведува проектот, опфат на лица кои треба да се ангажираат на проектот по број, квалификациона структура и по локација, изведувач на проектот (работодавач) со кого невработеното лице треба да склучи договор и други релевантни податоци и информации во врска со проектот.

  *Рок за извршување: 10 декември 2006 година.*

- Заради успешна реализација на горенаведените активности, Министерот за транспорт и врски ќе назначи одговорно лице од Министерството за координација на горенаведените активности во министерството и другите субјекти инволвирани за реализација на мерката, кое во периодот на овие активности, а и понатаму при реализација на мерката постојано ќе биде во можност оперативно да

одговори на потребите за реализација на оваа мерка. За одговорното лице кое ќе биде назначено од Министерот, Министерството ќе ги извести сите инволвирани субјекти.

- **Министерство за животна средина**

- Министерството за животна средина да изготви ранг листа на еколошки проекти од јавен интерес на национално и локално ниво и истата да ја достави до АМВР заради понатамошно постапување. Проектите за градежни работи треба да имаат веќе дефинирана финансиска конструкција и извори на средства, во која ќе се вклопи и финансиската поддршка дефинирана со оваа мерка. Во листата на проекти за секој проект треба да биде дефинирано: времетраењето на проектот, локацијата (општина, градови, место и сл.) каде што ќе се изведува проектот, опфат на лица кои треба да се ангажираат на проектот по број, квалификациона структура и по локација, изведувач на проектот (работодавач) со кого невработеното лице треба да склучи договор и други релевантни податоци и информации во врска со проектот.

*Рок за извршување: 10 декември 2006 година*

- Заради успешна реализација на горенаведените активности, Министерот за животна средина ќе назначи одговорно лице од Министерството за координација на горенаведените активности во министерството и другите субјекти инволвирани за реализација на мерката, кое во периодот на овие активности, а и понатаму при реализација на мерката постојано ќе биде во можност оперативно да одговори на потребите за реализација на оваа мерка. За одговорното лице кое ќе биде назначено од Министерот, Министерството ќе ги извести сите инволвирани субјекти.

- **Агенција за вработување на РМ-АВРМ**

- По добивање на проекти за градежни работи и еколошки проекти, АВРМ ќе состави листа на невработени лица според податоците за секој проект ше стапи во контакт со невработените лица од листата заради ангажирање на проектите а потоа ќе склучи договори со работодавачите во кои ќе бидат дефинирани правата и обврските помеѓу работодавачите и АВРМ за реализирање на проектотите.

*Рок за извршување: до 15 февруари 2007 година.*

- АВРМ врши редовна месечна исплата (храна и превоз во износ од 3.200 денари месечно) на ангажираните лица на проектите за јавни работи, по претходно доставен извештај за извршената работа од страна на работодавачите кои ги изведуваат изведуваат јавните работи-градежни работи, еколошки проекти и друго.

*Рок за извршување: редовно во време на изведувањето на јавните работи*

- АВРМ ќе остварува редовна соработка и координација со сите субјекти инволвирани во реализацијата на активните мерки. За таа

цел, директорот на АВРМ ќе формира тим за соработка и координација, и за истото ќе ги извести сите субјекти инволвирани во активностите за реализирање на оваа мерка.

- **Министерството за труд и социјална политика-МТСП**

- Министерството редовно ќе го следи текот на активностите за реализирање на овој проект. За текот на активностите, Министерството за труд и социјална политика, на квартална основа ќе доставува Информација до Владата.

- МТСП ќе остварува редовна соработка и координација со сите субјекти инволвирани во реализацијата на активните мерки. За таа цел, министерот за труд и социјална политика ќе формира тим за соработка и координација, и за истото ќе ги извести сите субјекти инволвирани во активностите за реализирање на оваа мерка.

**4. Субвенционирање на вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители**

Во рамките на оваа мерка се предвидува субвенционирање на вработување на невработени лица од загрозени социјални категории (хендикепирани лица, самохрани родители и деца без родители).

**Краток опис на мерката:**

- Субвенционирањето на вработување на хендикепирани (инвалидни) лица се врши согласно на Законот за вработување на инвалидни лица во износ од 20-30 просечни плати за вработување на секое инвалидино лице од страна на фирмата и друга финансиска поддршка предвидена со Законот.

- За поддршка за вработување за **500 самохрани родители и 100 деца без родители годишно** се предвидува субвенционирање на вработување преку финансиска поддршка на државата во износ до 11.200 денари месечно (плата и придонеси, храна и превоз, но не повеќе од 11.200 денари месечно) за период од 6 месеци, со тоа што работодавачот ќе биде обврзан овие лица да ги задржи на работното место најмалку уште 18 месеци. Со Програмата за работа на Владата на РМ 2006-20102 година за прв пат со активните политики и мерки се опфаќаат и загрозените социјални категории. Искуството покажува дека приватниот сектор потешко ги апсорбира овие целни групи. Токму затоа, предизвикот ќе биде да се охрабри приватниот сектор да ги вработи токму овие целни групи, преку поголем месечниот износ кој државата ќе го обезбеди заради вработување на овие лица.

**Целна група:** самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители.

**Опфат на корисници:** 200 хендикепирани лица, 500 самохрани родители и 100 деца без родители секоја година

**Потребни средства:** околу 71,5 милиони денари за хендикепирани (инвалидни) лица, 33,6 милиони денари за самохрани родители и 6,7 милиони денари за деца без родители.

**Извори на средства за 2007 година:**

- средствата потребни за субвенционирање на 200 инвалидини лица ќе се обезбеди од Посебниот фонд за вработување на инвалидни лица.

- средствата потребни за субвенционирање на вработување на 100 деца без родители ќе се обезбедат од Буџетот на РМ преку АВРМ, а потребните средства за субвенционирање на вработување на 500 самохрани родители ќе се обезбедат од средства од АВРМ (од придонесите за вработување).

**Надлежни институции и рокови за извршување на одделни активности:**

***За поддршка за вработување на 200 хендикепирани лица***

- **Агенција за вработување на РМ-АВРМ**

- Агенцијата за вработување ќе ги превземе сите редовни активности за субвенционирање на вработување на хендикепирани (инвалидни) лица согласно на Законот за вработување на инвалидни лица.

***За поддршка за вработување на 500 самохрани родители и 100 деца без родители***

- **Центри за социјална работа**

- Центрите да обезбедат податоци за самохрани родители и тоа: по број, квалификации, вештини, локација (место, град и др.каде што истите ќе може да бидат работно ангажирани), број на деца, старосна структура и други релеванти податоци. Податоците да бидат доставени до Министерството за труд и социјална политика.
- Центрите да обезбедат податоци за деца без родители и тоа: по број, квалификации, вештини, локација (место, град и др.каде што истите ќе може да бидат работно ангажирани) и други релеванти податоци. Податоците да бидат доставени до Министерството за труд и социјална политика.

*Рок за извршување: до 10 декември 2006 година.*

- **Министерството за труд и социјална политика**

- Министерството (Секторот за социјална заштита) да побара од Центрите за социјална работа да доставaт податоци за децата без родители и за самохраните родители.

*Рок за извршување: до крајот на ноември 2006 година.*

- Министерството (Секторот за социјална заштита) да изготви интегрирана ранг листа на самохрани родители и интегрирана ранг листа на деца без родители врз основа на листите и податоците доставени од центрите за социјална работа и да ги достави до АВРМ.

*Рок за извршување: до 20 декември 2006 година*

- **Агенција за вработување на РМ-АВРМ**

- Врз основа на добиената ранг листа на самохрани родители (невработени) АВРМ да објави Соопштение за повик на заинтересирани работодавачи за ангажирање на самохрани родители согласно на условите предвидени со оваа мерка.

*Рок за извршување: до крајот на декември 2006 година.*

- По пријава на заинтересираните работодавачи врз основа на објавеното соопштение, АВРМ склучува договори (за ангажирање на лицата за шестмесечен период во текот на 2007 година) со заинтересираните работодавачи во кој се утврдуваат правата и обврските на договорните страни и условите и начинот на финансиката поддршка за вработување на самохраните родители.

*Рок за извршување: до 30 јануари 2007 година.*

- АВРМ ќе врши редовна месечна исплата на ангажираните самохрани родители преку оваа мерка, по претходно доставен извештај за извршената работа од страна на работодавачите каде што се ангажирани овие лица.

*Рок за извршување: редовно во времето на ангажирање на овие лица.*

- **Агенција за вработување на РМ-АВРМ**

- Доколку е потребно, АВРМ ќе обезбеди дополнителни курсеви и обуки за децата без родители и обуки за самохраните родители кои ќе бидат опфатени со оваа мерка.

Исто така, за 2007 година во Програмата на УНДП има предвидено **субвенционирање на вработување на 300 долгорочно невработени лица**, за што се предвидени средства **во износ од 11 милиони денари**. Оваа мерка предвидува финансиска поддршка за вработување на овие лица 60% од бруто платата месечно, но најмногу до 6.700 денари месечно, за период до 6 месеци. **Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на РМ**, редовно во текот на годината ќе остваруваат континуирана и интензивна соработка и координација со УНДП за спроведување на оваа мерка.

**5. Обука и совети на невработените за преквалификации, контакт со работодавачите, усовршување на нивните знаења и вештини, обука за компјутери и сл.**

Во рамките на оваа мерка се предвидува преку обуки, совети и усовршување на невработените заради вработување и подобрување на нивната конкурентност на пазарот на труд.

**Краток опис на мерката:** Оваа мерка опфаќа:

- Обуки, преквалификации и доквалификации за познат работодавец со обврска на работодавецот за вработување на невработеното лице кое со успех ќе ги заврши обуките на неопределено време со обврска да не смее да го отпушти за време од една година. Оваа мерка редовно се спроведува во АВРМ, преку партиципирање во трошоците на работодавачот во износ од 2.000 денари и преку парична помош на невработеното лице вклучено на обука во износ од 4.000 денари, за период до 3 месеци. Со оваа мерка се опфатени околу 3.000 евидентирани невработени лица годишно.

- Обуки во работни клубови за стекнување на знаења и вештини за познавање на странски јазик и комјутери на невработените лица заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на труд. Овие обуки се бесплатни на невработените лица и се вршат од страна на невработени лица кои се стручни да вршат обуки, и кои се ангажираат со договор за вршење на услуги. Овие обуки опфаќаат над 2.000 лица годишно.

**Целна група:** невработени евидентирани лица

**Опфат на корисници:** 5.000 лица секоја година

**Потребни средства:** околу 50 милиони денари

**Извори на средства за 2007 година:** Средствата се предвидени во Буџетот на Агенцијата за вработување.

**Надлежни институции и рокови за извршување на одделни активности:**

Мерката ќе се спроведува преку АВРМ која ќе ги организира сите потребни активности за реализација на истата.

## III. ФИНАНСИСКА РАМКА

За реализација на горенаведените активни политики за вработување за 2007 година ќе бидат потребни вкупно **297,6 милиони денари** (*Прилог: Финансиска рамка за активните мерки за вработување за 2007 година*), кои ќе се обезбедат:

- **71,5 милиони денари средства од АВРМ со издвојување на 5% од придонесите за вработување.** Заради обезбедување на овие средства потребно е да се изврши измени и дополнување во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Законот за вработување на инвалидни лица. Имено, Посебниот фонд за инвалидни лица зафаќа 10% од придонесите за вработување до крајот на 2006 година и дел од средствата (50%- околу 70 милиони денари од средствата од овој фонд остануваат неискористени), поради што се предлага овој Фонд да зафаќа 5% од придонесите за вработување, а другите 5% да се пренасочат во Фонд кој ќе биде резервиран за финансирање на активни политики за вработување;

- **54 милиони денари од АВРМ** од кои 4 милиони денари кои АВРМ ги има обезбедено во 2006 година за Програма посредување при вработување на високообразовани и со средно образование млади невработени лица-ЕМИ фаза која ќе ја спроведува УНДП во соработка со АВРМ во 2007 година и 50 милиони денари од Буџетот на АВРМ за 2007 година.

- **71,5 милиони денари од Посебниот фонд за инвалидни лица.** Овие средства се наменети за поддршка за вработување на инвалидни лица согласно на Законот за вработување на инвалидни лица;

- **33 милион денари од УНДП.** Овие средства ќе се обезбедат од Програми за вработување на УНДП кои се планирани во 2007 година.

- **9,6 милиони денари од локалната самоуправа.** Се планира да се обезбеди финансиска поддршка од страна на локалната самоуправа за активните мерки со кои се предвидуваат јавни работи од локална надлежност и

- **69 милиони денари од буџетски средства.**

## IV. ЗАКОНСКА РАМКА

Министерството за труд и социјална политика, до средина на декември 2006 година ќе предложи измени на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Законот за вработување на инвалидни лица со кое ќе ја обезбеди потребната законска рамка за успешно реализирање на овие проекти од финансиски и правен аспект.